| | |
|---|---|
| Врз основа на чл. 353 ст.1 т.1, чл. 358, чл. 383 ст.1 т.9, чл. 517 ст.1, чл. 518 ст. 1 и член 528 од Законот за Трговски друштва, чл. 18 ст. 1 т. 8, чл. 34 и чл. 44 од Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје, како и Одлуката за одобрување статусна промена – присоединување со број 02-296 донесена од Акционерите на Цементарница УСЈЕ АД Скопје на Годишното собрание на ден 20.05.2022 година, Одборот на директори без одржување на седница на ден 16.11.2023 година донесе: | Pursuant to Article 353 para.1 item 1, Article 358, Article 383 para.1 item 9, Article 517 para.1, Article 518 para.1 and Article 528 of the Trade Companies Law, and Article 18 para. 1 item 8, Article 34 and Article 44 of the Statute of Cementarnica USJE AD Skopje, as well as the Decision on approving statutory amendment – accession no. 02-296 adopted by the Shareholders of Cementarnica USJE AD Skopje at the Annual Assembly held on 20.05.2022, the Board of Directors without holding a session on 16.11.2023 adopted the following: |
| **ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**<br>за прифаќање и одобрување на Спогодба за присоединување на трговски друштва | **DRAFT DECISION**<br>on acceptance and approval of Agreement for accession of trade companies |
| **Член 1**<br>Собранието на акционери на Цементарница УСЈЕ АД Скопје со оваа Одлука ја прифаќа и одобрува Спогодбата за присоединување на трговски друштва, помеѓу Цементарница УСЈЕ АД Скопје (во понатамошниот текст како „УСЈЕ“) како Друштво што презема и Трговско друштво ИД КОМПАНИ ДООЕЛ с. Чешиново, Чешиново-Облешево (во понатамошниот текст како „ИД КОМПАНИ ДООЕЛ“) и Друштво за неметали ОПАЛИТ ДООЕЛ с. Чешиново, Чешиново-Облешево (во понатамошниот текст како „ОПАЛИТ ДООЕЛ“) како Друштва што се присоединуваат, со архивски заверки кај УСЈЕ под бр. 03-1035 од 23.08.2023 год., кај ИД КОМПАНИ ДООЕЛ под бр. 0307-01 од 23.08.2023 год. и кај ОПАЛИТ ДООЕЛ под бр. 0307-36 од 23.08.2023 год. | **Article 1**<br>The Shareholders' Assembly of Cementarnica USJE AD Skopje hereby accepts and approves the Agreement for accession of trade companies, between Cementarnica USJE AD Skopje (hereinafter referred to as "USJE") as acquiring company and Trade company ID KOMPANI DOOEL s. Cheshinovo, Cheshinovo-Obleshevo (hereinafter referred to as "ID KOMPANI DOOEL") and Trade company for non-metals OPALIT DOOEL s. Cheshinovo, Cheshinovo-Obleshevo (hereinafter referred to as "OPALIT DOOEL") as companies being subject to accession, with archive verification at USJE under no. 03-1035 dated 23.08.2023, at ID KOMPANI DOOEL under no. 0307-01 dated 23.08.2023 and at OPALIT DOOEL under no. 0307-36 dated 23.08.2023. |
| **Член 2**<br>Спогодбата за присоединување на ИД КОМПАНИ ДООЕЛ и ОПАЛИТ ДООЕЛ кон УСЈЕ, составена во форма на нотарски акт ОДУ бр. 516/23 од 25.08.2023 година, составен од страна на Нотар Снежана Видовска од Скопје, заедно со прилозите коишто се составен дел, беше достапна и дозволена за увид на акционерите на Друштвото во законски предвидениот рок.<br>Спогодбата за присоединување на трговски друштва е составен дел на оваа Одлука. | **Article 2**<br>The Agreement for accession of ID KOMPANI DOOEL and OPALIT DOOEL to USJE, composed in a form of notarial deed ODU no. 516/23 dated 25.08.2023 by Notary public Snezhana Vidovska from Skopje, along with the appendixes which are integral part thereof, was available and allowed for review by the Company's shareholders within the legally prescribed period.<br>The Agreement for accession of trade companies is integral part of this Decision. |
| **Член 3**<br>Со потврдување на Спогодбата за присоединување на ИД КОМПАНИ ДООЕЛ и ОПАЛИТ ДООЕЛ кон УСЈЕ, Собранието на акционери на Цементарница УСЈЕ АД Скопје го одобрува присоединувањето на ИД КОМПАНИ ДООЕЛ и ОПАЛИТ како друштва што се присоединуваат, кон УСЈЕ, како друштво што презема, согласно условите и роковите утврдени | **Article 3**<br>By approving the Agreement for accession of ID KOMPANI DOOEL and OPALIT DOOEL to USJE, the Shareholders' Assembly approves the accession of ID KOMPANI DOOEL and OPALIT DOOEL as companies being subject to accession, to USJE, an acquiring company, in accordance with the terms and deadlines established with the Agreement. |

| | |
|---|---|
| во Спогодбата.<br><br>По уписот на статусната промена во Централниот регистар на Република Северна Македонија, ИД КОМПАНИ ДООЕЛ и ОПАЛИТ ДООЕЛ ќе престанат да постојат како правни лица без да се спроведе ликвидација, а целокупниот имот и обврски ќе преминат на УСЈЕ. | After the registration of the statutory amendment with the Trade Registry of Republic of North Macedonia, ID KOMPANI DOOEL and OPALIT DOOEL shall cease to exist as legal entities without liquidation, and all assets and liabilities will be transferred to USJE. |
| **Член 4**<br>Се овластува Главниот Извршен Директор на УСЈЕ или лице овластено од него, да ги преземе сите потребни дејствија за спроведување на оваа Одлука и да ги потпише сите релевантни документи за упис на статусната промена - присоединување при Централниот регистар на Република Северна Македонија. | **Article 4**<br>The Chief Executive Director of USJE or a person authorized by him, is hereby authorized to undertake all necessary actions for implementation of this Decision and to sign all relevant documents for registration of the statutory amendment – accession with the Trade Registry of the Republic of North Macedonia. |
| **Член 5**<br>Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето. | **Article 5**<br>The Decision shall enter into force on the day of its adoption. |
| **Член 6**<br>Предлог одлуката за прифаќање и одобрување на Спогодба за присоединување на трговски друштва да се достави до Собранието на акционери заради донесување. | **Article 6**<br>The draft decision on acceptance and approval of Agreement for accession of trade companies to be presented to the Shareholders assembly for adoption. |
| Д.Н.<br>- Архива<br>- Сектор за финансии<br>- Правна служба | To be sent to:<br>- Archive<br>- Finance department<br>- Legal section |

**Одбор на директори/ Board of Directors**
**Претседател/President**
**Јанис Паниарас / Ioannis Paniaras**

____________________________